Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Сто четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 април 2023 година

Скопје, април 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 април 2023 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Кренар Лога, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии и д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и нотар Анета Петровска-Алексова.

Од седницата отсуствуваа, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи,

министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

**-Усвојување на Записникот од 137-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 март 2023 година**

**-Усвојување на Записникот од 138-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 март 2023 година**

**-Усвојување на Записникот од 141-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 април 2023 година**

**-Усвојување на Записникот од 143-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 април 2023 година**

**-Усвојување на Записникот од 144-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 април 2023 година**

1. Информација за потребата од отпочнување на постапка за набавка од мала вредност-набавка на канцелариски мебел, согласно Годишниот план за јавни набавки во 2023 година, на Државната комисија за спречување на корупцијата

2. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за правда-Управа за извршување на санкции

3. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.1058, КО Сретеново)

4. Годишен извештај за работата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2022 година

5. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

6. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

7. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад ( ЈЗУ Здравствен дом-Велес)

8. Предлог на закон за дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија (*)

9. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен на локалитетот „Костин Дол" Општина Македонска Каменица

10. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за делегирање на услуги во воздушниот сообраќај на дел на воздушниот простор над Охридското Езеро

11. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/339 на Советот од 14 февруари 2023 година за изменување на Одлуката 2011/101/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Зимбабве

12. Предлог-одлука за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/388 на Советот од 20 февруари 2023 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2022/266 за рестриктивни мерки како одговор на незаконското признавање, окупација или анексија од страна на Руската Федерација на одредени области во Украина кои не се под контрола на Владата

13. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „CASUALTY MOVE 23" во Република Естонија

14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование

15. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево (мебел)

16. Информација за потреба од обезбедување на финансиски средства за потпишување на колективен договор за вработените во Министерството за култура, Управата за заштита на културното наследство и Агенцијата за филм на Република Северна Македонија

17. Статут на Меѓународниот балкански универзитет-Скопје

18. Иницијатива од адвокат Трајче Митевски од Кавадарци, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.32/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 213 став 2 од Законот за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/08)

19. Кадровски прашања

20. Прашања и предлози

21. Информација за проблемите со кадровската екипираност на Министерството за надворешни работи

22. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за основање на Национална установа „Оркестар за џез музика“ на Република Северна Македонија-Скопје

23. Информација за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од втора емисија по пат на приватна понуда, со Предлог-одлука

24. Информација во врска со консултациите со Францускатa агенција за развој (АФД) за одобрување на кредитна линија и доставената ревидирана понуда со предлог-услови од страна на АФД

25. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало

26. Информација во врска со поканата за медијација која се однесува на изменетиот Тарифен систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај, со прилози

27. Информација за отпочната постапка за формирање на Одборот за разрешување на спорови-ДАБ за проектот-„Изградба на Автопат Кичево-Охрид“

28. Информација во врска со поднесено барање од Друштвото за производство на електрична енергија ОСМ Солар ДООЕЛ Скопје, за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект, со предлог-одлуки

29. Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година

*

*  *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Сто триесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 март 2023 година, Записникот од Сто триесет и осмата седница, одржана на 21 март 2023 година, Записникот од Сто четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 април 2023 година, Записникот од Сто четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 април 2023 година и Записникот од Сто четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 април 2023 година

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од отпочнување на постапка за набавка од мала вредност-набавка на канцелариски мебел, согласно Годишниот план за јавни набавки во 2023 година, на Државната комисија за спречување на корупцијата, ја усвои Информацијата и даде согласност за отпочнување на постапка за набавка на канцелариски мебел.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за правда-Управа за извршување на санкции.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.1058, КО Сретеново).

**<u>Точка 4</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Здравствен дом-Велес).

**Точка 8**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија (*), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието. За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Реџаил Исмаили, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Љутви Акики директор во Управата за семе и саден материјал.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен на локалитетот „Костин Дол“, Општина Македонска Каменица, ја усвои Информацијата и даде согласност за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен на локалитетот „Костин Дол“ Општина Македонска Каменица.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 10**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за делегирање на услуги во воздушниот сообраќај на дел на воздушниот простор над Охридското Езеро, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието. За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Снежана Филиповска-Поповска, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски и Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/339 на Советот од 14 февруари 2023 година за изменување на Одлуката 2011/101/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Зимбабве.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/388 на Советот од 20 февруари 2023 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2022/266 за рестриктивни мерки како одговор на незаконското признавање, окупација или анексија од страна на Руската Федерација на одредени области во Украина кои не се под контрола на Владата.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „CASUALTY MOVE 23“ во Република Естонија.

**Точка 14**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник Анета Трпевска, државен секретар во Министерството за образование и наука.

## Точка 15

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево (за потребите на ООУ „Кузман Јосифовски-Питу“ Кичево Ц.О).

## Точка 16

Владата по Информацијата за потреба од обезбедување на финансиски средства за потпишување на колективен договор за вработените во Министерството за култура, Управата за заштита на културното наследство и Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, укажува дека во моментот се водат преговори помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Сојузот на синдикати на Македонија, како репрезентативен синдикат на национално ниво за јавен и приватен сектор за склучување на нов општ колективен договор, за јавниот сектор, во кој се предвидува да се утврди нова методологија за утврдување и пресметка на платите на вработените во јавниот сектор, со цел воспоставување на единствен и воедначен систем на плаќање за сите. Со склучување на овој колективен договор сите поединечни и посебни договори ќе биде потребно да се усогласат со неговите одредби, вклучително и со новата методологија за утврдување и пресметка на платите во јавниот сектор.

## Точка 17

Статутот на Меѓународниот балкански универзитет-Скопје е усогласен со забелешките дадени од страна на Министерството за образование и наука, со допис бр.41-883/3 од 21 февруари 2023 година и со оглед на тоа Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по истиот.

## Точка 18

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Трајче Митевски од Кавадарци, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.32/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 213 став 2 од Законот за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/08) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно членот 110 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија, одлучува за согласноста на законите со Уставот, одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите, ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност, решава за судирот на надлежностите меѓу носителите на

законодавната, извршната и судската власт, решава за судирот на надлежностите меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа, одлучува за одговорноста на претседателот на Републиката, одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните и одлучува и за други прашања утврдени со Уставот.

Во членот 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Согласно членот 51 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, секој граѓанин што смета дека со поединечен акт или дејство му е повредено право или слобода утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, може да бара заштита од Уставниот суд во рок од два месеци од денот на доставувањето на конечен или правосилен поединечен акт, односно од денот на дознавањето за преземање дејство со кое е сторена повредата, но не подоцна од пет години од денот на неговото преземање.

Имено, во Иницијативата се наведува дека со оспорената одредбата од членот 213 став (2) од Законот за вонпарнична постапка се овозможува, исклучиво нотарите да составуваат договори за физичка делба во форма на нотарски акти, а притоа се ограничуваат правата на адвокатите во вонпарничната постапка да ги застапуваат своите странки преку составување на договори во форма на приватни исправи, на кој начин се повредуваат правата на граѓаните, при обезбедувањето на правна помош од страна на стручно лице адвокат.

Во Иницијативата подносителот наведува дека оспорената одредба е спротивна на одредбата од членот 53 од Уставот на Република Северна Македонија, според која адвокатурата се уредува како самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон, бидејќи ги спречува адвокатите да го остваруваат ова уставно загарантирано право при составување на договорите за физичка делба, давајќи им ексклузивитет, делбата на заеднички предмет и имот, да ја вршат исклучиво нотарите во форма на нотарски акт.

Подносителот на Иницијативата предлага Уставниот суд по спроведена постапка на оценување на уставноста на оспорената одредба да ги укине зборовите „се“, „кај“, „во форма на нотарски акт“ и оспоруваната одредба наместо „делбата се врши кај нотар во форма на нотарски акт“ истата да биде „делбата ја врши нотар со потврда на приватна исправа (солемнизација)“.

Со Иницијативата се оспорува одредбата и поради нејзина неусогласеност со членот 8, став 1, алинеја 3 и членот 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, со Законот за нотаријатот се уредуваат организацијата на нотаријатот како јавна служба и неговите органи, постапката за именување и разрешување на нотарите, делокругот на работа и службените дејствија на нотарите, овластувањата на нотарите, составувањето на нотарски исправи, надзорот и дисциплинската одговорност на нотарите, како и други прашања кои се однесуваат на нотаријатот. Во членот 52 став (1) од Законот за нотаријат се уредуваат случаите во кои нотарскиот акт е задолжителен, па така во точка (в) од истиот член се пропишува дека нотарски акт е задолжителен за „други правни работи и изјави за кои со закон е предвидено дека мора да бидат составени во форма на нотарски акт“.

Вака поставената законска рамка укажува на усогласеност помеѓу одредбите на Законот за вонпарнична постапка и Законот за нотаријатот.

Оттука, наведените причини за укинување на оспорената одредба не може да се сметаат за доволни за утврдување на нивната неусогласеност со Уставот на Република Северна Македонија, од причина што оспорената одредба е дел од една целина, а тоа е членот 213 каде во став (1) се регулира делба на заеднички предмет и имот во постапката пред суд во која се одлучува за начинот и условите на делбата на заедничкиот предмет, додека во оспорениот став (2) се регулираат случаите кога судот нема да ја применува одредбата од став (1), а тоа е само кога нема спор за начинот и условите за делба, само во тој случај делбата се врши кај нотар во форма на нотарски акт.

Ваквата положба на нотарите во постапките за делба на заеднички предмет и имот, произлегува од одредбите пропишани во глава XIV од Законот за нотаријатот, каде се уредни овластувањата на нотарите како повереници на судовите и другите органи, па оттука причините наведени во Иницијативата за спротивноста на одредбата поради исклучивото право на нотари се неосновани и законски не издржани.

Иницијативата е воедно и нејасна и поради тоа што во еден дел се предлага конкретна измена на оспоруваната одредба што е контрадикторно со делот од Иницијативата со кој се предлага нејзино целосно укинување.

Имајќи го предвид наведеното се укажува дека одредбата од член 213, став 2 од Законот за вонпарнична постапка не е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на член 213, став 2 од Законот за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/08).

**Точка 19**

**1.** Владата го разреши Хајбер Таравари од должноста член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

1.2. Владата го именува Беким Поцеста, претставник од Министерството за здравство за член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го именува Сашко Иванов за член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разреши Владимир Јованоски, од должноста член на Управниот одбор-претставник од општините на чие подрачје се наоѓа Јавната установа Национален парк Галичица-Охрид, поради истек на мандатот.

3.1. Владата го именува Александар Шуковски за член на Управниот одбор-претставник од општините на чие подрачје се наоѓа Јавната установа Национален парк Галичица-Охрид.

**4.** Владата ја разреши Сузана Најкова од Министерство за локална самоуправа од должноста член на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, на нејзино барање.

**5.** Владата му утврди на Ѓоко Талевски, престанок на функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Битола, поради исполнување на услови за стекнување на правото на старосна пензија, заклучно со 2.6.2023 година.

**6.** Владата го именува Горан Зивосовски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје.

**7.** Владата за членови на Комисијата за разгледување на пријави од кандидати по објавениот Јавен оглас бр.03/2023 за именување на претседател и 3 (три) члена на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и услуги на управување со комунален отпад на Република Северна Македонија ги именува:

-академик Глигор Каневче,
-д-р Александар Дединец ,
-м-р Мирче Јанев,
-Славе Ивановски и
-Исмаиљ Љума.

**8.** Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна

Македонија во државна сопственост, Скопје, да ја констатира оставката на м-р Васко Ковачевски од должноста член и претседател на Управниот одбор, кој носи назив генерален директор, а за членови на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, да ги избере Васко Стефанов за член на Управниот одбор, кој носи назив генерален директор и Марија Пејкова за член на Управниот одбор, директор за финансиски работи.

**9.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку две јавни гласила од кои едно е на службен јазик различен од македонскиот јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, за именување на државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Битола.

**10.** Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје да ја отповика Арлинда Ѓакова, од должноста член на Управниот одбор-директор на маркетинг и продажба, а за член да ја избере Весна Балкоска.

## Точка 20

**1.** Владата го разгледа Барањето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за изменување на Заклучокот, донесен под Прашања и предлози т.100, на Сто триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 март 2023 година, по повод настанот „Слегување на Благодатниот оган во Ерусалим и преземањето на Благодатниот оган, го прифати Барањето и заклучи точка 2 од истиот да се измени и да гласи:

1.2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за авио билетите и хотелското сместување на црковната делегација и медиумите, а трошоците за останатите членови од државната делегација која ќе патува, да ги преземе секоја институција поодделно.“.

Исто така, се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за ВИП салонот на аеродромот, додека Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за авионот.

**2.** Владата по Предлогот на закон за изменување на Законот за спортска академија, утврден на Седумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 август 2022 година, наместо претходно определениот д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, за претставник на

Владата на Република Северна Македонија во Собранието го определи д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за образование и наука.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 30 март 2023 година до 5 април 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата се информираше со Статистичкиот извештај за склучени договори за јавни набавки врз основа на Законот за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста за 2022 година на Министерството за одбрана.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 30 март 2023 година до 5 април 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата по Предлогот на закон за изменување на Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, утврден на Четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 мај 2022 година, наместо претходно определениот д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, за претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието го определи д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за образование и наука.

**7.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 30 март 2023 година до 5 април 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**8.** Владата на предлог на д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, заклучи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и Министерството за информатичко општество и администрација да се усогласат во однос на името на Нацрт-законот за безбедност на мрежи и информациски системи, согласно надлежностите на Агенцијата за дигитализација кои ќе бидат утврдени во законот.

По утврдување на името на законот каде што ќе се транспонира НИС 2 Директивата и ќе се основа Агенцијата за дигитализација, да се иницира менување на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), во соработка со Секретаријатот за европски прашања.

**9.** Владата го разгледа Барањето за разрешување и именување на претседател на Комисија за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење промет на воени стоки, го прифати Барањето и со оглед на тоа дека на Сто и четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 март 2023 година, е именуван вршител на должноста директор на Управата за наменско производство, орган во состав на Министерството за економија, заклучи согласно ова да се измени Решението за формирање на Комисија за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење промет на воени стоки.

За ова, Министерството за економија да подготви и до Владата да достави соодветно решение.

**10.** Владата по повод укажувањата на д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, а во врска со потребата од реновирање на болниците во Битола, Кичево, Штип и Охрид, Владата ги задолжи Министерството за здравство, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, да подготват и во рок од една недела до Владата да достават соодветен предлог за решавање на ова прашање.

**11.** Владата по повод справувањето со кризната состојба го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да склучи договор со Агенцијата за електронски комуникации, за донација на износ од вкупниот надоместок кој медиумите во Република Северна Македонија го плаќаат по овој основ за МУКС за 2023 година и средствата да ги користи исклучиво за оваа намена.

За оваа цел, се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви и до Владата да достави соодветна Предлог-одлука.

**12.** Владата по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, по скратена постапка, утврден на Деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 ноември 2020 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република

Северна Македонија во Собранието ги определува м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда.

**13.** Владата по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, по скратена постапка, утврден на Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 јануари 2021 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ги определува м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда.

**14.** Владата по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за одликувања и признанија на Република Македонија, утврден на Сто и дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 ноември 2021 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ги определува м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда.

**15.** Владата го разгледа Барањето за изменување на Заклучок од точка 47 од Сто и четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 март 2023 година, по Информацијата за потребата од дополнување на Буџетот на Центарот за управување со кризи за 2023 година за реализирање на преземените обврски во однос на Делегацијата на Република Северна Македонија, во седиштето на НАТО во Брисел и за упатување на претставник на Центарот за управување со кризи во Делегацијата, со Предлог-одлука и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Владата ја разгледа Информацијата за потребата од дополнување на Буџетот на Центарот за управување со кризи за 2023 година за реализирање на преземените обврски во однос на Делегацијата на Република Северна Македонија во седиштето на НАТО во Брисел и за упатување на претставник на Центарот за управување со кризи во Делегацијата и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжува Центарот за управување со кризи потребните средства за реализирање на преземените обврски во однос на Делегацијата на Република Северна Македонија, во седиштето на НАТО во Брисел и за упатување на претставник на Центарот за управување со кризи во Делегацијата, да ги обезбеди по пат на прераспределба во рамките на сопствениот буџет.

2) Се задолжува Министерството за финансии при изготвувањето на изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, да предвиди дополнување на Буџетот на Центарот за управување со кризи на соодветните расходни ставки за реализација на потребата и да предвиди дополнување на соодветните расходни ставки од каде што била извршена прераспределбата на средства.“.

**16.** Владата по Предлогот на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за статусот на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија и Безбедносните сили на Република Косово за време на нивното привремено стационирање на териториите на горенаведените држави, утврден на Педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 јуни 2022 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ги определува Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана и Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана.

**17.** Владата ја донесе Одлуката за определување на висината на надоместокот за закупнина на стан на лица на кои им следува право на користење на стан согласно закон, доколку истиот не може да им биде обезбеден.

**18.** Владата по Предлогот на закон за парничната постапка, утврден на Деведесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јули 2021 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието, ги определи м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда.

**19.** Владата по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите, утврден на Шестата седница, на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година, наместо претходно определениот повереник Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи, за повереник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието, ја определи Снежана Петровиќ-Арсовска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**20.** Владата по Предлогот на закон за адвокатурата (*), утврден на Деведесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јули 2021 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието, ги определи м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда.

**21.** Владата по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција, утврден на Четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 мај 2022 година, наместо претходно определениот д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, за претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието го определи д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за образование и наука.

**22.** Владата ја разгледа Информацијата за донесување на решение за изменување на Решението за именување на членови на Управувачкиот комитет за координација

и управување во системот за управување со кризи, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за именување членови на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи.

**23.** Владата по Предлогот на закон за огласување ништовност и поништување на правни акти, дејствија, мерки и правни последици од постапките за лустрација, утврден на Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ги определи м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда.

**24.** Владата по Предлогот на закон за ратификација на Конвенцијата за договорите за избор на надлежен суд, утврден на Четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 мај 2022 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ги определи м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда.

**25.** Владата по Предлогот на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија, Советот на министри на Босна и Херцеговина, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија и Владата на Република Словенија во врска со аранжманите на земјата домаќин за статусот на Постојаната организација на Балкански медицински наменски сили и нејзиниот персонал, утврден на Деведесет и третата седница, на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 октомври 2022 година, наместо претходно определениот претставник Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, за претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието, го определи м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана.

**26.** По повод укажувањето на м-р Кренар Лога, министер за правда за потребата во Предлогот на закон за управување со конфискуван имот и имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, кој е доставен во владина постапка, да се предвиди одредба со која ќе се пропише Агенцијата за управување со одземен имот да задржува пет до десет проценти од вредноста на остварениот приход од секоја продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот од страна на Агенцијата, согласно европските искуства, Владата го задолжи Министерството за правда во соработка со Министерството за финансии за ова да изнајде соодветно решение.

**27.** Владата по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, утврден на Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 јануари 2021 година, наместо претходно

определениот повереник Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи, за повереник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието, ја определи Снежана Петровиќ-Арсовска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**28.** Владата по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, утврден на Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година, наместо претходно определениот повереник Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи, за повереник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието, ја определи Снежана Петровиќ-Арсовска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**29.** Владата заклучи Општина Крушево и Општина Македонски Брод повторно да ја разгледаат можноста за продолжување на активностите за реализација на проектот-„Изградба на водоснабдителен систем за Град Крушево", имајќи ги предвид заклучоците од Сто и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 ноември 2023 година, по точка 16-„Барање за пренамена на средства од Договорот склучен помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и Општина Крушево за реализација на проектот-„Изградба на водоснабдителен систем за Град Крушево" (арх. бр. 05-4727/4 од 26.11.2020 година во Министерството и 03-1222/1 од 27.11.2020 година во Општина Крушево).

**30.** Владата по Предлогот на закон за изменување на Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење, утврден на Четириесет и втората седница, на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 мај 2022 година, наместо претходно определениот претставник д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, за претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието, го определи д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за образование и наука.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за проблемите со кадровската екипираност на Министерството за надворешни работи, како материјал за информирање.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на Национална установа „Оркестар за џез музика" на Република Северна Македонија-Скопје.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од втора емисија по пат на приватна понуда, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за зголемување на основната главнина на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од втора емисија по пат на приватна понуда.

2. Се задолжува Министерството за економија, средствата во износ од 3.310.800,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија објавен на денот пред денот на донесување на Одлуката за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од втора емисија по пат на приватна понуда, кои се обезбедени во Буџетот на Министерството за економија за 2023 година на сметка 100011554763715, Потпрограма 3Д-Гасификација, ставка 485 Вложувања и нефинансиски средства, да ги префрли на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, согласно Одлуката за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од втора емисија по пат на приватна понуда.

## Точка 24

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со консултациите со Француската агенција за развој (АФД) за одобрување на кредитна линија и доставената ревидирана понуда со предлог-услови од страна на АФД за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 25

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поканата за медијација која се однесува на изменетиот Тарифен систем за продажба на електрична енергија на

потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај, со прилози, ја усвои Информацијата и како договорна страна во склучениот Договор за обезбедување на универзална услуга за снабдување со електрична енергија, го усвои текстот на Одговорот на поканата за медијација и го задолжи Министерството за економија да го испрати до медијаторот д-р Зоран Вучев.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за отпочната постапка за формирање на Одборот за разрешување на спорови-ДАБ за проектот-„Изградба на Автопат Кичево-Охрид“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Јавното претпријатие за државни патишта, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и министерот за транспорт и врски, во име на инвеститорот за член на Одборот за разрешување на спорови-ДАБ за проектот-„Изградба на Автопат Кичево-Охрид“ да го номинираат арбитерот г. Бернд Ехле.

2. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта, во координација со заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и министерот за транспорт и врски, да ангажира реномирана меѓународната адвокатска куќа, која е специјализирана за ваков тип на предмети со која Владата веќе има успешна соработка во застапување на државата и државните институции во меѓународните постапки.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање од Друштвото за производство на електрична енергија ОСМ Солар ДООЕЛ Скопје, за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект, со предлог-одлуки и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со поднесено барање од Друштвото за производство на електрична енергија ОСМ Солар ДООЕЛ Скопје, за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект.

2. Ја донесе Одлуката за овластување за изградба на енергетски објект фотонапонска електроцентрала на Друштвото за производство на електрична енергија ОСМ Солар ДООЕЛ Скопје со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

3. Ја донесе Одлуката за определување на надоместок за извршена работа на Комисијата за спроведување на постапка за доделување на овластување за

изградба на нови или проширување на постојни објекти за производство на електрична и топлинска енергија со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 29</u>**

Владата го разгледа и го прифати Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година.

*
*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:50 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |